СОСТОЈБА СО ГРИП ВО МАКЕДОНИЈА,
СЕЗОНА 2026/2027
(46 недела, до 15.11.2026)

НЕДЕЛНИ ПОДАТОЦИ

Епидемиолошки надзор

Во текот на **46-тата недела од 2026 година** (09-15.11.2026), во Македонија, пријавени се 154 случаи (I=8,4/100.000 жители) на групни пријави за заболени од грип/ заболувања слични на грип. Се забележува зголемување од 37,5% (n=112) во однос на претходната 45-та недела.


За споредба, во 46-тата недела од минатата сезона, регистрирани беа 117 заболени лица, што претставува зголемување од 31,6%, а во однос на моделот за последните 16 сезони (n=89), се регистрира зголемување од 73,2%.

Заболените лица оваа недела се регистрирани во Тетово – 49, Скопје – 38, Куманово – 19, Радовиш – 12, Велес – 8, Гостивар – 7, Прилеп – 5, Струмица – 3, по 2 во Ресен, Неготино, Охрид и Штип и по 1 во Гевгелија и Македонски Брод.

Во однос на возраста, од 15-64 години се регистрирани 102 лица, 22 лица на возраст над 65 години, 16 деца од 0-4 години и 14 деца од 5-14 години.

Оваа недела за првпат во сезоната е надминат прагот на вонсезонска активност (I=7,32/100.000) и се бележи ниска (сезонска) активност на грипот на национално ниво *(Графикон 1)*.

Графикон 1. *Нивоа на интензитет и неделна дистрибуција на заболените од грип/заболувања слични на грип според очекувана епидемиска крива 2011-2026, сезона 2025/2026 и сезона 2026/2027*



Вирусолошки надзор

Во текот на 46-та извештајна недела, во вирусолошката лабораторија на ИЈЗ РСМ, пристигнаа 64 материјали од рутинскиот надзор за лабораториско тестирање, паралелно тестирани за Influenza, SARS-CoV-2 и/или RSV.
Од вкупно тестираните материјали, детектирани се 4 позитивни примероци за грип од кои 3 се Influenza A – несубтипизирани, а еден е Influenza A(H3).
Регистрирани се 3 позитивни резултати за SARS-CoV-2.

КУМУЛАТИВНИ ПОДАТОЦИ

Епидемиолошки надзор

Во сезоната 2026/2027 вкупниот број на случаи на грип/заболувања слични на грип изнесува **609 (I=33,2/100.000)**.

Во споредба со истиот период од минатата сезона (n=571), бројот на пријавени случаи е за 6,7% повеќе, а во однос на моделот од последните 16 сезони (n=466) се регистрира зголемување од 30,8%.

Кумулативно, заболените се пријавени од 19 ЦЈЗ/ПЕ. Најголем број на заболени лица (n=198) и највисока кумулативна инциденца (118,6/100.000) се регистрира на територијата на Тетово.

Во однос на дистрибуцијата на заболените по возрасни групи, најголем број на заболени се пријавени во возрасната група која опфаќа најголем дел од населението (од 15-64 години) – 438 случаи (71,9%).

Вирусолошки надзор

Во досегашниот тек на сезоната 2026/27, во вирусолошката лабораторија на ИЈЗ РСМ, пристигнаа 259 материјали од рутинскиот и САРИ надзор за лабораториско тестирање, паралелно тестирани за Influenza, SARS-CoV-2 и/или RSV.

Од вкупно тестираните материјали, детектирани се 22 позитивни примероци на грип – 17 случаи на Influenza A – несубтипизиран и 4 Influenza A(H1)pdm09 и 1 Influenza A(H3).
Регистрирани се 11 позитивни резултати за SARS-CoV-2.

ЕПИДЕМИОЛОШКИ КОМЕНТАР

Во текот на 46-та извештајна недела за првпат во сезоната е надминат прагот на вонсезонска активност и се бележи ниска (сезонска) активност на грипот на национално ниво и е достигнат епидемиолошкиот праг на влез во сезоната на грип.

ОПШТИ МЕРКИ НА ПРЕВЕНЦИЈА

*Извор: https://sezonskigrip.mk/

Општите мерки за заштита од грип се насочени кон сите акутни респираторни заболувања и може да се од голема корист, особено ако се применуваат во текот на целиот зимски период:

- Да се избегнува собирање и престој во простории каде престојуваат повеќе луѓе, особено да се избегнува близок контакт со луѓе кои се болни или сомнителни – кашлаат, киваат, имаат покачена телесна температура.

- Често да се мијат рацете со вода и сапун или дезинфекционо средство.
- Да се загреваат просториите за престој и често да се проветруваат.
- Препорачливо е топло, слоевито облекување, топли бањи.
- Да се пијат топли напитоци, овошни цедени сокови, вода со лимон.
- Да се земаат свежи продукти богати со витамини и минерали, најдобро овошје и зеленчук кои му се неопходни на организмот. Особено се пожелни продукти богати со витамин Ц (цитрони, лимони, портокали). Доколку не се располага секогаш со свежи прехрамбени продукти, може да се користат и мултивитамински напитоци и препарати.
- Практикување здрав начин на живот и навики, вклучително добар сон и одмор, здрава храна, одржувајте физичка и психичка активност, намалете го стресот.

Силниот имунитет ќе ви помогне да останете здрави или полесно да се справите со грипот и заболувањата слични на грип. Сепак, дури и да сте совршено здрави и да имате силен имунитет, може да заболите од грип или заболување слично на грип.

Што доколку се разболите од грип?

Следете ги следните препораки:

- Останете дома, не одете на работа, во училиште или на места со многу луѓе.
- Одморајте се и земајте многу течности и лесна храна.
- Избегнувајте блиски контакти со лицата со кои живеете, не примајте посети додека сте болни.
- Покријте го носот и устата со шамивче при кашлање и кивање. По употреба, фрлете ги во корпа за отпадоци.
- Носете заштитна маска кога контактирате со своите блиски во домот, кога кашлате и кивате.
- Практикувајте често и темелно миење на раце со топла вода и сапун.
- Користете влажни марамчиња кои содржат алкохол или средство за дезинфекција на рацете.
- Избегнувајте допирање на очите, носот и устата со раце.
- Често проветрувајте ја просторијата каде престојувате додека сте болни.
- Одржувајте ја чиста вашата околина – предмети, површини со средства за хигиена на домот.
- Ако сте над 65 години, имате хронични заболувања, или доколку симптомите на болеста се влошуваат или траат повеќе денови – побарајте лекарска помош.

ВАКЦИНАЦИЈА ПРОТИВ ГРИП

Вакцинацијата против сезонски грип е најефикасна заштита од ова заболување, особено на лица кои припаѓаат на т.н. ризични групи (согласно препораките на СЗО): Постарите лица (над 65 години), Деца на возраст од 6-59 месеци, Лица постари од 6 месеци со хронични болести, Бремени жени и Здравствени работници.

Вакцинацијата во Македонија започна на 21.10.2026 година и се спроведува во Центрите за јавно здравје (ЦЈЗ) со нивните Подрачни единици (ПЕ) и/или Здравствените домови. Вакцинацијата на здравствените работници од Скопје се спроведува во Институтот за јавно здравје. Закажувањето за бесплатните вакцини се одвива преку веб страната www.vakcinacija.mk.

Според податоците од Управата за електронско здравство, заклучно со затворањето на овој извештај, **вакцинирани се вкупно 25.458 лица од ризичните категории на населението со бесплатни вакцини.**

ЕВРОПСКИ РЕГИОН

*Извор: https://erviss.org/

Согласно извештајот на ERVISS објавен за 45-та недела 2026 година, активноста на вирусот на грип е на карактеристично ниво за овој период од годината.

- Стапките на синдром на ИЛИ/АРИ се над базичното ниво во 11 од вкупно 33 земји од Европскиот регион на СЗО што доставиле податоци оваа недела.
- Активноста на вирусот на грипот постепено расте на ниво на примарна здравствена заштита со тоа што процентот на позитивност над 10% се регистрира во седум земји. Зголемен број на хоспитализации е забележано само во мал број на земји. Активноста на вирусот се регистрира на просечно 7%, а 7 земји пријавија покачен процент на позитивност над 10%. Доминира Influenza A(H1)pdm09, а случаи се регистрирани во сите возрасни групи.
- Индикаторите за SARS-CoV-2 на регионално ниво се покачени и стабилизирани во примарно и секундарно ниво. Најголем дел од хоспитализираните случаи се кај лица на возраст од ≥65 години.
- Регионалните индикатори за RSV остануваат на меѓусезонско ниво.

Оддел за епидемиологија на заразни болести
Институт за јавно здравје